ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Политичка партија Демократска унија за интеграција

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи на Демократска унија за интеграција за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
Во извештај за донации за 2019 година пријавена е донација во ствари, чија проценета вредност го надминува законски дозволениот износ,
Патничките возилата кои ги користи ДУИ по основ на склучени договори за користење на патничко моторно возило не се пописани од страна на пописната комисија, како и не е извршено означување на материјалните средства со инвентарни броеви.

**Издадено мислење/заклучок*:**
Изразивме мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

**Клучни препораки:**
Да се почитуваат законски дозволените износи за донации,
Да се изврши попис на средства од друг субјект и означување на постојаните средства со инвентарни броеви.

**Клучни системски слабости:**
Да се преиспита законската одредба во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка; допрецизирање во делот на финансирање на изборниот процес од донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства; измена и дополна на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации и регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Од страна на одговорните лица на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
-/-

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia